# SCUPI AND ITS AREA IN THE CONTEXT OF INCURSIONS AND THE SETTLEMENT OF THE SLAVS IN MACEDONIA (6th–7th CENTURIES)

**Ph.D. Toni Filiposki**
Institute of History, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

tonifilip@fzf.ukim.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

The connection between the cessation of the circulation of coins in the Balkans and the settlement of the Slavs in the region in the wake of their assault on and siege of Thessaloniki in the autumn of 586 has long been noted by the scholarly community. According to the numismatic finds, Scupi is one of the Southern Balkan cities and areas in which the circulation of coins ceased during the reign of Byzantine Emperor Maurikios (582–602). It is the main indicator in determining the time when the Byzantine rule was brought to an end. The analysis of the numismatic finds leads scholars to assume that the growth of most of the strongholds and settlements in the valley of Skopje was interrupted during the reign of Emperor Justin II (565–578).

What were the circumstances in which the Byzantine rule in Skupi came to an end? Was its end a result of a decisive and forceful Slavic incursion? It is difficult for now to provide satisfactory answers to these questions, but it seems that the aforementioned Slavic-Avar campaign against Thessaloniki of 586 had a certain impact on that process. The earthquake (518), the epidemics and the increasingly more frequent "barbarian" incursions probably led to a significant depopulation of the city which directly caused its defense capacities to weaken. All of that may have created favorable circumstances for the termination of the Byzantine rule and for the consequent Slavic settlement. On the other hand, the geographic location of Scupi and the area, through which the important road passed along the Morava-Vardar Valley, made the city exposed to the incursions of the Slavs and other "barbarians". However, at the same time, that road made it easier for the residents

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

of Scupi to gradually abandon the city. For example, during the events of circa 618, refugees from the province of Dardania – whose seat was Scupi – found refuge in Thessaloniki.

In more recent times, attempts have been made to revise the fairly widespread opinion among scholars that the Slavs massively and completely settled the region of Macedonia in the late 6th and early 7th centuries. The rare numismatic finds from the period of Emperors Phokas (602–610) and Herakleios (610–641) uncovered both in the surroundings of Skopje and in other more northern parts of Macedonia, suggest a Byzantine influence and presence there. It appears that the Byzantine presence was completely removed as late as the 630s. However, this does not imply that it was then that the Slavs settled the Skopje Valley in great numbers. The questions of the intensity and chronology of the Slavic settlement of the region of geographic Macedonia and the Balkans in general must stay open and unanswered in the scholarly community.

**Keywords:** Scupi, Dardania, Macedonia, Slavic settlement, “barbarians,” coins.

**Theme/s:** Medieval History, Medieval Macedonia, Medieval History of the Balkans.

**Проф. д-р Тони Филипоски**

# СКУПИ И ОКОЛИНАТА ВО КОНТЕКСТ НА ПРОДОРИТЕ И НАСЕЛУВАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (VI-VII ВЕК)

Со почетокот на Големата преселба на народите (II половина на IV век) од Азија, кон југ и запад, односно главно на просторот на северна и источна Европа се придвижиле и се распространиле разни племиња и етноси, со што етнографската карта на Европа драстично се променила. Конкретно на просторот на источна и југоисточна Европа особено значајно било доаѓањето на Словените. Нивното населување предизвикало суштински и трајни промени на Балканот, каде словенскиот етницитет станал доминантен.

Извонредната геостратешка позиција на денешно Скопје и Скопската котлина се сметаат за главна предност од времето на најраната историја па сè до најново време. Од најстари времиња главната урбана населба во котлината се викала *Скупи*, која иако географски припаѓала на Македонија, од антиката важела како административен центар на доцноантичката провинција Дарданија, а денеска е позната како истоимен археолошки локалитет на просторот на Злокуќани. За периодот на словенските навлегувања и населување на Балканот византиските автори главно известувале воопштено.[1]

[1] За словенските продори и наслеуување на Балканот (VI-VII век ) постои обемен пишан изворен материјал и уште побогата библиографија на научна литература. Во оваа прилика би наброиле ограничен број значајни референци: Василка Тъпкова-Заимова, *Нашествия и етнически промени на Балканите през VI-VII в.*, БАН-София 1966; Vladimir Popovic, Les temoins archeologiques des invasions dans I'Illyricum byzantin, *Melanges de l'Ecole francaise de Rome*, Antiquite, 87/1975, 445-504 ; Vladimir Popovic, Aux origines de la slavisation der Balkans: la constitution des premieres Sklavinies macedoninnes vers la fin du VIe siecle, *Academie des inscriptionset belles letters. Comptes rendus des seances de l'annee 1980*, Paris 1980, 230-257; Љубомир Максимовић, Северни Илирик у VI веку, *Зборник радова Византолошког института*, 19 (1980), 17-57; Bozhidar Ferjancic, Invasions et installation des Slaves dans les Balkans, *Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin*, Rome 1984, 85-109; Елица Манева, Аспекти за проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија, *Цивилизации на почвата на Македонија: Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, кн. 2, МАНУ-Скопје 1995, 127-152; Walter Pohl, *The Avars – A Steppe Empirein Central Europe, 567-822*, Ithaca

Првото од пишаните извори познато словенско навлегување на Балканот се случило во времето на византискиот император Јустин I (518 – 527). Според византискиот автор *Комес Марцелин* во 517/518 г. на Балканот навлегле „*гетски коњаници*" (Словени и хуно-кутригури) кои ги опустошиле „двете Македонии и Тесалија" напредувајќи сè до Термопилите и Стар Епир. Освен богат плен, тие се здобиле и со голем број заробеници барајќи откуп. Но, незадоволни од понудените суми (за откуп), Словените ги убивале заробениците. Поради неможноста на византиските власти воено да интервенираат, Словените слободно пустошеле и враќајќи се во нивните живеалишта северно од реката Дунав, ограбувале населби кои претходно ги пропуштиле.[2]

Мошне значајни и конкретни известувања за провинцијата Дарданија и за градот Скупи наоѓаме во *Хрониката на Комес Марцелин*. Меѓу другото од податоците се дознава дека од земјотресот (518 г.) од кој била зафатена провинцијата Дарданија, наеднаш биле разурнати 24 тврдини, а соседните на нив биле напуштени од жителите поради страв од нивно разурнување. Тогаш „наполно бил разурнат и главниот град Скупи, кој не загубил од своите жители, (бидејќи тие) избегале пред непријателот". Некои од жителите на тврдините настрадале не само од карпите кои се тркалале, туку и од непријателите.[3]

Претходното известување на *Комес Марцелин* на своевиден начин го потврдува и еден други византиски автор, *Прокопиј Кесариски*. Имено според него: „Кога Јустин, вујкото на Герман, ја држел императорската власт, преку Дунав прејдоа Антите кои живеат сосема близу до Словените, и со голема војска навлегоа на ромејска земја"[4]. Од *Прокопиј* се дознава и дека во ограбувањата, покрај Словените, учествувале и Антите. Сосема извесно е дека при продорот од 517/518 г. како патна комуникација била

and London, 2018; Florin Curta, Slavs in the Making: History, Linguistics and Archaeology in Eastern Europe (ca. 500 - ca. 700), London 2020.

[2] Marcellini Comitis *V. C. Chronicon*, ed. Th. Mommsen, MGH, A.A., XI/1, Berolini 1893, X, 99-100; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 23. Во историографијата е извесно дека во дадениот простор и време на Балканот не можеле да навлезат т.н. „гетски коњаници" или припадници на племето Готи, кои во тоа време веќе биле заминати кон запад, односно во Италија. Затоа е евидентно дека се работи за припадници на други племиња

[3] Comes Marcellinus, XI, 100 Под терминот „непријател", кој го напаѓал градот Скупи и околината во тој период треба да се подразберат различните „варварски" племиња, меѓу кои секако биле и Словените. Дури подоцна нивните напади и продори ќе станат доминантни.

[4] Procopii *Bellum Goticum (BG)*, ed. J. Haury, Opera omnia III-IV, Leipzig 1963-1964, III, 40, 476; Милан Бошкоски, *Скопје и Скопската област од VI до крајот на XIV век*, Скопје 2009, 55.

користена онаа која ја следела Вардарско-Моравската долина. Веројатно се работи за единствениот изворен податок од чие толкување посредно произлегува дека всушност се поврзуваат Скупи и словенските навлегувања и на своевиден начин се нагласува словенското учество во „варварските“ продори. Тоа не треба да се разбере како нешто невообичаено, бидејќи освен Солун и уште неколку поголеми градови, во изворите не се споменати поголемиот број балкански главно континентални градови кои – порано или подоцна не биле одминати од Словените.

Поради новонастанатите околности и честите „варварски“ напади во Скопската област особено во VI век била воведена пракса на градба на утврдени населби (тврдини) на повисоки места, кои истовремено имале военоофанзивен и военодефанзивен карактер. Се смета дека по земјотресот од 518 г. Скупи го загубил воено-административното и црковно-економското значење кое го имал во претходниот период. Населбата секако продолжила да опстојува во текот на VI век, но во стеснети размери и без утврдување.[5]

Според определени мислења во науката местото на Скупи, како административно-црковен центар на провинцијата Дарданија, но и пошироко на префектурата северен Илирик, го зазел новоизградениот град Јустинијана Прима. Новиот и раскошен административно-црковен центар на Балканот бил подигнат од страна на византискиот император Јустинијан I и истовремено бил сметан за седиште на префектурата северен Илирик и на архиепископскиот поглавар на истиот простор.

Но да се осврнеме на конкретните изворни податоци кои се однесуваат на велелепниот град Јустинијана Прима. Во делото „*За градбите*“ од Прокопиј Кесариски се наведува дека родното место на Јустинијан се наоѓало кај „Европските Дарданци“ кои се населени „крај границите на *Епидамнон* (*Драч*) мошне близу до тврдината *Бедеријана* (Бадер, Скопско, Т.Ф.)“, таму имаше „место по име *Таурисион* (Таор, Скопско, Т.Ф.) од каде што потекнува царот Јустинијан. . . Во близина на таа населба тој (царот) изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима“. Потоа „изградувајќи водоводен канал од води што вечно течат, направи градот да изобилува со вода . . . и многу други величествени работи изгради и изврши . . . Местата посветени на Бога не е лесно да се набројат, гостилниците за војсководци тешко е да се искажат, а исто така и големината на тремовите, убавината на плоштадите, изворите, улиците, бањите и

[5] Душанка Кораќевиќ, Скупи – Градска територија, Музеј на град Скопје-Скопје 2002, 157-165.

пазарите. Едноставно град густо населен и во се друго толку богат за да биде метропола на целата област . . . Освен тоа му беше назначен архиереј илирски, а другите градови отстапија, зошто овој по големина и значење беше прв“. Притоа Јустинијан се погрижил да го обнови и целото утврдување на Бедеријана и го направил многу поцврсто.[6] Презентираниот опис на градот Јустинијана Прима сепак се чини недоволен за да може да се утврди точната локација и убикација на овој значаен административно-црковен центар на Балканот. Единствено е извесно дека градот бил изграден и називот го добил во чест на актуелниот византиски владетел и веројатно се наоѓал во близина на неговото родно место. Но засега се чини дека не се пронајдени доволно убедливи археолошки наоди кои би ја разрешиле убикацијата на предметниот рановизантиски градски центар.[7] Во македонската историографија преовладува мислењето дека градот Јустинијана Прима треба да се бара во рамките на Скопската Котлина.[8]

Од известувањата на авторот *Прокопиј Кесариски* во делото „*За градбите*“ меѓу другото се дознава за маркантната градителски делување на императорот Јустинијан. Во периодот од околу 530 до 554 г. на просторот на провинцијата Дарданија биле подигнати 8 нови тврдини, а биле обновени дури 61 тврдина.[9] Останува неизвесно колку од овие тврдини влегувале во рамки на потесната околина на Скупи. Според досегашните сознанија добиени од археолошки истражувања во рамките на Скопската област досега се идентификувани остатоци од 14 рановизантиски населби датирани во

---

6 Procopii *De aedificiis*, ed. J. Haury, Opera omnia IV, Leipzig 1964, IV, 104-106.

7 Во науката како доста распространета се смета тезата според која градот Јустинијана Прима треба да се бара на археолошкиот локалитет Царичин град, Лебане, Лесковац (јужна Србија). Види поопширно: J. J. Birk - I. Bugarski - S. Fiedler - V. Ivanišević - H. Kroll - N. Marković - A. Reuter - C. Röhl - R. Schreg - A. Stamenković - S. Stamenković - M. Steinborn, An Imperial Town in a Time of Transition. Life, Environment, and Decline of Early Byzantine Caričin Grad, *Proceedings of the Conference: Landscape Archaeology Conference*, 2016, 1-11(https://www.researchgate.net/publication/309612041_An_imperial_town_in_a_time_of_transition_Life_environment_and_decline_of_early_Byzantine_Caricin_Grad); Vujadin Ivanisevic - Ivan Bugarski - Aleksandar Stamenković, The Outer Forts of Caricin grad: Visualisation of Digital Terrain Models and Interpretation, *Starinar*, 69,Beograd2019,297-317 (https://www.researchgate.net/publication/338795893_The_outer_forts_of_Caricin_grad_Visualisation_of_digital_terrain_models_and_interpretation); V. Ivanišević, C. Vanderheyde, B. Bavant, I. Bugarskiet V. Zdravković, Fouilles archéologiques à Caričin Grad en Serbie. Campagne 2022, *Bulletin archéologique des Écoles françaises à l'étranger,*Balkan2023,1-14 (https://www.researchgate.net/publication/370410012_Fouilles_archeologiques_a_Caricin_Grad_en_Serbie_Campagne_2022).

8 Анета Шукарова, *Јустинијана Прима*, Скопје 2001; М. Бошкоски, *Скопје и Скопската област*, 50-54.

9 Procopius, *De aedificiis*, IV, 118-120

VI век (локалитет Дрма, с. Бадер; локалитет Градиште, с. Барово; локалитет Градиште, с. Бучинци; локалитет Маркови Кули, пл. Водно; локалитет Градиште, с. Горно Нерези; локалитет Градиште, с. Долно Количане; локалитет Кале, с. Драчевица; локалитет Кула, с. Љубанци; локалитет Маркови Кули, с. Малчиште; локалитет Градиште, с. Таор; локалитет Давина, с. Орман; локалитет Кале, с. Горно Свиларе; локалитет Црквиште, с. Зелениково; локалитет Кука, с. Рогле). Наброените тврдини главно биле подигнати во време на владеење на императорот Јустинијан I (527-565) и примарно имале одбранбена функција.[10]

Во времето на Јустинијан I, словенските и другите „варварски“ навлегувања станале мошне честа и вообичаена појава. Имено тоа се дознава од известувањето на *Прокопиј*, кој наведува: „Илирик, цела Тракија, односно сите области од Јонскиот Залив до предградијата на Константинопол, меѓу кои се и Елада и Херсон, биле напаѓани од Хуни, Словени и Анти речиси секоја година откако Јустинијан ја презел власта над Ромеите“[11]. Токму еден таков силен словенски продор се случил во 548 г. Според описот на *Прокопиј,* додека војските на византискиот војсководец Велизариј биле во Италија, каде војувале против Готите, „војската на Словените ја премина реката Дунав и направи страшни злодела над сите Илири (жители на префектурата Илирик н.б.) сѐ до жителите на Дирахион (Драч), убивајќи и заробувајќи ги сите возрасни луѓе на кои наидуваа при што им ги ограбуваа богатствата. Ним им појде од рака да освојат и многу тамошни тврдини кои дотогаш беа сметани за безбедни, бидејќи никој не ги бранеше. Тие се шетааваму-таму сосема слободно пребарувајќи насекаде“. Истиот автор дополнува дека иако византиските војсководци (архонти) од префектурата Илирик располагале со војска која броела 15.000 војници, тие само ги следеле Словените, но се осмелувале да се впуштат во директен воен судир.[12]

Првата половина на VI век се смета за период во кој единствената цел на словенските навлегувања била грабежот. Воопштеноста на изворните податоци не откриваат во која мера провинцијата Дарданија и седиштето Скупи биле погодени од ограбувачките походи. Но, имајќи го предвид сознанието дека најголем дел од словенските навлегувања биле изведувани по позната патна комуникација која минувала долж Моравско-вардарската долина, тогаш тешко е да се избегне

[10] М. Бошкоски, *Скопје и скопската област*, 45-50.
[11] Procopii *Historia arcane*, ed. J. Haury, Opera omnia I-IV, Leipzig 1962-1964, 18, 114.
[12] Procopii, *BG*, III, 29, 423.

претпоставката дека Скупи и Скопската котлина биле често и значително погодени од наведените продори.

Од средината на VI век природата на словенските навлегувања на Балканот се менува. Освен што стануваат почести и помасовни, Словените подолго се задржуваат, а подоцна и се населуваат на Балканот. Тоа го потврдува податокот на *Прокопиј* од 550/551 г. Имено, додека византискиот војсководец Герман во Сердика (Софија) собирал војска за претстојниот поход кон Италија, „во земјата на Ромеите навлезе толку големо мноштво на Словени, како никогаш пред тоа. Преминувајќи ја реката Дунав пристигнаа во околината на Ниш“[13]. Византијците дознале дека намерата на Словените била „со опсада да го освојат самиот Солун и градовите околу него“. Затоа, Јустинијан I му наредил на својот војсководец да го откаже заминувањето за Италија и да им помогне на загрозените градови. Словените, пак, кога дознале за овие планови, го откажале походот за Солун и не се осмелиле да се спуштат во рамнината, туку преминувајќи ги „сите илирски планини се нашле во Далмација“. Таму, придружени од нова група Словени, продолжиле со ограбувањата. Меѓу другото се дознава дека тогаш Словените за првпат презимиле на ромејска земја без да имаат страв од никого.[14]

Есента 551 г. Словените повторно навлегле на Балканот. Бројно недоволна, византиската војска не можела директно да им се спротивстави на Словените, заробувајќи ги само оние кои заостанувале, а во обид да ги дознаат нивните намери. „Задржувајќи се на ограбувањата доста долго време, ги прекрија сите патишта со мртовци и заробувајќи безброј робови и ограбувајќи сè, се вратија дома со целиот плен, бидејќи никој не им се спротивставувал“[15].

Околу 560 г. во Панонската низина пристигнале Аварите. По смртта на императорот Јустинијан, започнува период на словенски и аваро-словенски напади кои дополнително ја ослабнале византиската одбрана и предизвикале засилена деурбанизација на Илирик. Околу 570/571 г. Словените и Аварите организирано навлегле во префектурата Илирик. Подоцна, во 578 г., според византискиот автор *Менандер Протектор*, „во Тракија се собрал народот на Словените, повеќе од 100.000, за да ја ограби Тракија и многу други земји“[16]. Поради воениот ангажман во Персија,

[13] Procopii, *BG,* III, 40, 475-476.
[14] Procopii, *BG,* III, 40, 481-483.
[15] Procopii, *BG,* IV, 25, 623-624.
[16] Menandros, *Ehcerta de legationibus,* ed. C. de Boor, I, Berlin 1903, 469.

за да се справи со Словените Византија била принудена да побара сојузништво со Аварите. Но, Словените и понатаму биле присутни и ограбувале во Тракија и пошироко.

Кон крајот на VI век Словените почнале константно и во поголем број да бидат присутни на Балканот, преземајќи продори сè до Грција. Нивниот престој во Македонија, Грција и Тракија каде што живееле како на своја земја се смета за почеток на словенската колонизација на Балканот, премолчено прифатена од византиската власт[17].

Од хагиографското дело *Чудата на Св. Димитриј I*, дознаваме за првиот познат словенски напад и опсада на Солун. На 26 октомври 584 г., не многу бројна војска од 5.000 Словени, „но составена од избрани и искусни борци“ го нападнала Солун. Нападот бил одбиен - наводно од чудотворната моќ на св. Димитриј, заштитникот на градот[18].

Само две години подоцна, Солун бил повторно нападнат и опсаден. По неуспешните преговори меѓу аварскиот каган (владетел) Бајан и византискиот император Маврикиј (582-602), авторот на *Чудата на св. Димитриј I* соопштува дека каганот: „го повикал кај себе сето лојално ѕверско племе од склавиниите (области населени со Словени на левиот брег од реката Дунав), зошто целиот овој етнос го имал под своја власт и приклучувајќи кон нив и некои други варвари“ им наредил да заминат во поход на Солун. Словенската војска „беше најголемата војска што сме ја виделе во нашите времиња. Според едни таа броеше повеќе од 100.000 тешко вооружени мажи, според други биле многу помалку, а според трети многу повеќе.“. Поради многубројноста на словенската војска упатена кон Солун, пред градот „наместо земја, дрвја или трева сега можеа да се видат главите на непријателите.“ Првиот ден од опсадата аваро-словенската војска го минала во ограбување на

[17] М. Бошкоски, *Скопје и скопската област*, 62. Според авторот *Јован Ефески* во периодот од 581 го 584 г. Словените константно го напаѓаат и престојуваат на Балканот. „Тие секавично ја поминаа цела Хелада, областа на Солун и целаТракија и потчинија многу градови и тврдини. Тие ги опустошија и ги изгореа, зедоа заробеници и станаа господари на земјата . . . вршат пустоши и палежи и заробуваат, така што кај самиот надворешен ѕид . . . и еве до денес, т.е. до 895 г. тие се останати, живеат спокојно, престојуваат во земјата на Ромеите без грижа и страв . . . и се научија да војуваат подобро од Ромеите“ (А. Дьяконов, Известия Иоанна Эфесского и сирийских хроник о Славянах VI-VII веков, *Вестник древней истории*, 1/15, Москва 1946, 32)

[18] Paul Lemerle, *Les plus anciens recuelis des Miracles de saint Demetrius*, I: Le texte. Paris 1979, 125-126.

околината, додека третиот ден наутро започнале со воени дејства. Обидот за освојување на градот, сепак, не бил успешен, по што војската се повлекла, но поголема група војници - главно Словени - побарала да биде примена во градот.[19]

При враќањето во своите живеалишта аваро-словенските војски повторно ги пустошеле градовите и областите низ кои минувале. Навлегувањата од 80-тите години VI век предизвикале блокада на патиштата, ограбувања на административно-црковниот центар Јустинијана Прима и на многу други градови како и бегството на епископи од голем број епископски центри. Според известувањата на византискиот автор *Теофилакт Симоката* аварскиот каган ограбил и опустошил многу градови во Европа.[20]

Следните десет години (592 - 602) словенските и аваро-словенските продори на Балканот привремено запреле заради офанзивните воени активности кои ги презел византискиот император Маврикиј (582-602) на левиот брег од реката Дунав. Тогаш византиската одбрана на дунавската граница била зацврстена, а контролата на голем број тврдини и патишта во внатрешноста на префектурата Илирик била обновена. Но, за новиот византиски император Фока (602-610) одбраната на дунавската граница немала приоритет, па Словените повторно започнале да навлегуваат и масовно да се населуваат на Балканот.[21]

Авторот на *Чудата на св. Димитриј I* известува за два значајни настани од втората деценија на VII век поврзани со населувањето на Словените на просторот на Македонија и пошироко. Првиот настан е од 614 г. до 616 г. кога бил формиран племенски сојуз на чело со кнезот Хацон. Главната цел на ова сојузништво било освојувањето на Солун. „И така се случи, како што е речено, за време на епископувањето на блаженоумниот Јован да се крене народот на Словените, составен од неизмерно мноштво од Драгувити, Сагудати, Велегезити, Вајунити, Берзити и други племиња. Најпрвин тие научиле да прават кораби, издлабени од по едно стебло, и откако се вооружиле за по море, ги опустошиле цела Тесалија, околните острови, Хеладските и Кикладските острови, цела Ахаја, Епир и поголемиот дел на Илирик и

[19] P. Lemerle, *Miracles* I, 134-137, 148-157.

[20] *Gregorii I papae registrum epistolarum*, ed. Paulus, E.-Hartmann, L. M., MGH, Epistolae I, Berolini 1881, 69-70; Michael Whitby, *The Emperor Maurice and his Historian, Theophylact Simocatta on Persian and Balkan Warfare*, Oxford 1988, 112-115.

[21] Георги Острогорски, *Историја на Византија*, Скопје 1991, 109-111; Љ. Максимовић, Северни Илирик, 49; B. Ferjancic, Invasions et installation des Slaves, 104-105; M. Whitby, *The Emperor Maurice*, 156-169.

дел од Азија. Притоа тие опустошиле многу градови и области и еднодушно решиле да го нападнат и да го разурнат и нашиот христољубив град (Солун), како што направија и со останатите. А потоа, откако се договорија за тоа, со подготвените кораби кои ги имаше во огромен број, подигнаа логор крај морскиот брег. Останатото непрегледно мноштво го опсади овој од Бога чуван град од сите страни, од исток, од север и од запад, носејќи ги со себе и своите семејства заедно со покуќнината, а нив планираа по заземањето на градот да ги сместат внатре. И тогаш се пролеаја реки од солзи и се слушнаа лелеци од целиот народ на градот, сотрен од самата вест, бидејќи се беше дознало за неописливите разурнувања на градовите и за извршените безбројни убиства и грабежи. Поголем страв ги обзеде граѓаните (на Солун) отколку пребегнатите христијани, кои се беа намериле на оваа безмилосна војна. Секој пред очи го имал стравувањето од заробување или смрт, без да имаат каква било можност за спас, бидејќи целиот варварски народ на Словените го опкружуваше градот како некаков смртоносен венец. Четвртиот ден, при изгревот на сонцето, целото варварско племе едногласно извика и се нафрли од сите страни на градските бедеми, едни стрелајќи со камења од подготвените каменофрлачи, други доближувајќи ги скалите до ѕидот, се обидуваат да го заземат, трети пак носеа оган до портите, а останатите стрелаа со рој стрели кон бедемите со густина како зимски снегулки. И можеше да се забележи необична појава: безбројните оружја како градоносен облак ги засенија сончевите зраци, замрачувајќи ја така дневната светлина со стрелите и исфрлените камења“[22]. Се работело за уште еден неуспешен обид да се освои најцврстото византиско упориште на Балканот. Словенскиот кнез Хацон бил заробен и каменуван.

Од презентираните податоци извесно е дека околината на Солун веќе била населена од словенски племиња кои имале и свои имиња, организирани во племенски сојуз. Пред Солун имало и Словени - дојденци со своите семејства, а во градот пристигнувале и голем број бегалци од староседелското население од разни делови на Балканот.

Според *Чудата на св. Димитриј I*, околу 618 г. се случил вториот крупен настан на следниот начин. „По веќе опишаниот масовен напад на Словените, односно на Хацон со многубројната војска и после оправданиот колеж што ги снајде благодарение на помошта на Победоносецот, таа војна подоцна за нив беше срамотна, бидејќи тие

[22] P. Lemerle, *Miracles* I, 175.

претрпеа голема штета кога во нашиот од Бога чуван град пребегнаа заробеници ослободени од нивниот водач и спасител, а наш заштитник Димитриј. Тоа кај нив предизвика огорченост затоа што освен тоа што останаа лишени од заробеници, тие останаа и без еден дел од воениот плен, кој заробениците го понеле со себе кога пребегнувале. Во моменти на голема неволја што ги снашла тие донеле одлука и собрале голем број разновидни подароци и преку пратеници ги испратиле до каганот на Аварите, со ветување и уверување дека доколку им пружи сојузничка помош, освен големо количество злато ќе му испратат и еден дел од пленот што ќе го запленат при заземање на градот. Тврделе дека нивниот град ќе биде освоен, бидејќи каганот го сметал лесен за освојување и дека го преземаат тоа бидејќи тој останал единствен (град) во нивното опкружување, зошто тие веќе ги опустошиле сите градови и области кои му биле потчинети, додека само тој (Солун), како што е речено стои опкружен од нивните (словенски) населби, а освен тоа ги прифаќа сите бегалци од подунавските предели, Панонија, Дакија, *Дарданија*, и од останатите провинции и градови, давајќи им засолниште. Споменатиот аварски каган, настојувајќи да го исполни нивното барање, ги собрал сите варварски племиња во рамките на своите владеења, заедно со безбројното мноштво на сите Словени, Бугари и многу други етноси, и по истекувањето на втората година ги упати кон овој наш од Маченикот заштитен град“. Истовремено, каганот по спореден пат испратил коњаници. кои пристигнале во околината на градот каде се одвивала жетва. Некои од затекнатите луѓе ги убиле, а други ги заробиле заедно со стоката и алатот. Веста за доаѓањето на варварите предизвикала паника во градот. Но, ѕидините на градот ги издржувале жестоките напади. Каганот наредил палење на сите куќи и цркви во непосредната околина на градот. Но, Солун сепак не бил освоен. Каганот се повлекол задоволувајќи се со добиениот откуп за заробениците.[23]

Пред и по овој крупен настан познати се многу други словенски и аваро-словенски напади на Солун. Сепак, овој има особено значење затоа што по 618 г. византиската власт во Македонија била главно ликвидирана, а населувањето на Словените било во завршна фаза. Словенското населување вообичаено се одвивало преку две патни комуникации: првата, по течението на реките Тимок и Нишава, а потоа долж Моравско-Вардарската долина, додека, втората по долината на реките Брегалница, Струма и Места. Најголем дел од Словените кои дошле во пошироката

[23] P. Lemerle, *Miracles* I, 185-186.

околина на Солун постепено се распространувале во централните делови на Балканот: Тесалија, Македонија и Албанија.[24] Особено е потребно да се потенцира дека во опсежните известувања за тоа дека балканското староседелско бегалско население наоѓало засолниште во градот Солун, издвоено се споменува и она кое дошло од *провинцијата Дарданија*.

Во текот на VII век продолжиле неуспешните словенски обиди за заземање на Солун. Особено сериозен бил оној кој го организирал и предводел ринхинскиот рекс Пребонд во 70-тите години на VII век, кога за таа цел ги обединил племињата Ринхини, Струмјани и Сагудати. Во истиот период се бележат бројни неуспешни византиски настојувања за обновување на византиската власт во Тракија, „Склавиниите" и Бугарија.[25]

*          *          *

Како што веќе наведовме, пишаните извори за словенските навлегувања и особено за почетоците на нивното присуство во Скупи и околината се воопштени. Во недостиг на конкретни податоци, наведувањето на воопштените подолги цитати од пишаните извори се потребни за да се постигне своевидна контекстуализација на балканскиот простор во кој неизоставно припаѓале провинцијата Дарданија и нејзиниот административно-црковен центар Скупи. Затоа останува да се осврнеме на материјалните извори, пред сè на византиските монети и на остатоците од раннословенската материјална култура. Врз основа на анализата на материјалните остатоци на локалитетот Скупи (Злокуќани), се смета дека првото населување на Словените во Скупи се случило мошне рано, уште во зимата 550-551 г.[26] Јустин II (565-574) е последниот византиски владетел од чие време имаме значителен број пронајдени монети во Скопје и околината. Како мошне ретки поединечни наоди евидентирани се и монети од владетелите Тибериј II (578-582), Маврикиј (582-602) и Ираклиј (610-641). Но, сепак од бројноста и датирањето на монетите од оставата од VI век, пронајдена при истражувањата на античката улица во Скупи (2001 г.), јасно е дека последни монети се

[24] М. Бошкоски, *Скопје и скопската област*, 67-68.

[25] Стјепан Антолјак, Доаѓањето на Словените на Балканот, *Средновековна Македонија*, I, Скопје 1985, 116-119; Стјепан Антолјак, Македонските Склавинии, *Средновековна Македонија*, I, Скопје 1985, 138; М. Бошкоски, *Скопје и скопската област*, 81, 83-84

[26] Д. Кораќевиќ, *Скупи*, 134, 157-169

оние две ковани во 582/583 г. во Солун од времето на императорот Маврикиј. Затоа, се смета дека депото е тезаурирано токму во времето на споменатиот владетел.[27]

Поврзаноста меѓу прекинот на циркулацијата на монетите на Балканот и словенското распространување по нападот и опсадата на Солун во есента 586 г. е одамна забележана во науката. Според нумизматичките наоди Скупи се вбројува меѓу јужнобалканските градови и области во кои за време на императорот Маврикиј циркулацијата на монети прекинала. Тоа, пак, е главниот индикатор при одредувањето на времето на ликвидирање на византиската власт. Анализата на пронајдените монетни наоди упатува на претпоставка дека најголем дел од тврдините и населбите во Скопската котлина бележат прекин во својот развој за време владеењето на императорот Јустин II[28]. Монетната циркулација била најинтензивна на локалитетот Маркови кули - тврдина лоцирана на источниот дел на планината Водно со извонредна стратегиска позиција. Опсежните археолошки истражувања сугерираат дека по краткотрајно присуство на Словените настапил кус период на обновена византиска власт.[29] Сепак, не е познато дали ваквата обнова имала пошироки размери.

Во какви околности била ликвидирана византиската власт во Скупи? Дали можеби како последица на некој одлучувачки и силен словенски продор? На поставените прашања засега е тешко да се понуди задоволителен одговор, но се чини дека споменатиот словено-аварски напад на Солун од 586 г. имал некакво влијание врз тој процес. Земјотресот (518 г.), епидемиите и зачестените словенски и други „варварски“ продори веројатно предизвикале значителна депопулација на градот која директно влијаела на слабеење на неговите одбранбените капацитети. Сето тоа можело да создаде поволни околности за ликвидирање на византиската власт, а потоа и словенско населување. Од друга страна, географската положба на Скупи и околината, каде минувала важната патна комуникација долж Моравско-Вардарската долина, подразбирала изложеност на словенски и други „варварски“ продори. Но, истовремено, споменатиот патен правец на жителите на Скупи им го олеснувал постепеното напуштање на градот. За време на настаните од околу 618 г., на кои се задржавме

[27] Марина Ончевска-Тодоровска, Остава на монети од Скупи, *Македонско наследство*, VIII/24, Скопје 2004, 29-42.

[28] М. Бошкоски, *Скопје и скопската област,* 68-69.

[29] Иван Микулчиќ – Н. Никуљска, Рановизантискиот град „Маркови Кули“ на Водно, *Macedoniae Acta Archaeologica*, 4, Прилеп 1978,139-142; Иван Микулчиќ,*Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982, 50-52.

погоре и со намера ги повторуваме, староседелци бегалци од провинцијата Дарданија - чие седиште било Скупи - наоѓале засолниште токму во Солун.

Во поново време се прават обиди за ревидирање на доста распространетото мислење во науката дека кон крајот на VI и почетокот на VII век дошло до масовно и целосно словенско населување на просторот на Македонија. Ретките монетни наоди од времето на императорите Фока (602-610) и Ираклиј (610-641), пронајдени како во околината на Скопје така и во други посеверни предели на Македонија, упатуваат на тамошно византиско влијание и присуство. Се чини дека византиското присуство било целосно истиснато дури во 30-тите години на VII век. Но, самото тоа не подразбира дека токму тогаш се случило Словените масовно да ја населат Скопската Котлина. Прашањата за интензитетот и хронологијата на словенското населување на просторот на географска Македонија и пошироко на Балканот мора да останат и натаму отворени и неодговорени во науката.

**БИБЛИОГРАФИЈА**:


Антолјак, С. 1985. Македонските Склавинии. Во: *Средновековна Македонија*, I, Скопје.

Антолјак, С. 1985. Доаѓањето на Словените на Балканот. Во: *Средновековна Македонија*, I, Скопје.

Бошкоски, М. 2009. *Скопје и Скопската област од VI до крајот на XIV век*, Скопје.

Дьяконов, А. 1946. Известия Иоанна Эфесского и сирийских хроник о Славянах VI-VII веков. *Вестник древней истории*, 1/15, Москва.

Кораќевиќ, Д. 2002. *Скупи – Градска територија*, Музеј на град Скопје-Скопје.

Максимовић, Љ. 1980. Северни Илирик у VI веку. *Зборник радова Византолошког института* 19, Београд, 17-57

Манева, Е. 1995. Аспекти за проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија: Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, кн. 2, МАНУ-Скопје, 127-152.

Микулчиќ, И. – Никуљска, Н. 1978. Рановизантискиот град „Маркови Кули“ на Водно. *Macedoniae Acta Archaeologica* 4, Прилеп, 137-150

Микулчиќ, И. 1982. *Скопје со околните тврдини*, Скопје.

Ончевска-Тодоровска, М. 2004. Остава на монети од Скупи, *Македонско наследство* VIII/24, Скопје

Острогорски, Г. 1991. *Историја на Византија*, Скопје.

Тъпкова-Заимова, В. 1966. *Нашествия и етнически промени на Балканите през VI-VII в.*, БАН-София.

Шукарова, А. 2001. *Јустинијана Прима,* Скопје.

Birk, J. J. - Bugarski, I. – Fiedler, S. – Ivanišević V. – Kroll, H. – Marković, N. – Reuter, A. – Röhl, C. – Schreg, R. – Stamenković, A. – Stamenković, S. – Steinborn, M. 2016. An Imperial Town in a Time of Transition. Life, Environment, and Decline of Early Byzantine Caričin Grad. *Proceedings of the Conference: Landscape Archaeology Conference*, 1-11 (https://www.researchgate.net/publication/309612041_An_imperial_town_in_a_time_of_transition_Life_environment_and_decline_of_early_Byzantine_Caricin_Grad)

Curta, F. 2020. *Slavs in the Making: History, Linguistics and Archaeology in Eastern Europe (ca. 500 - ca. 700).* London.

Ferjancic, B. 1984. Invasions et installation des Slaves dans les Balkans. *Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin*. Rome, 85-109

Gregorii I papae registrum epistolarum. 1881. ed. Paulus, E.-Hartmann, L. M., MGH. Epistolae I. Berolini.

Ivanisevic, V. – Bugarski, I. – Stamenković, A. 2019. The Outer Forts of Caricin grad: Visualisation of Digital Terrain Models and Interpretation. *Starinar* 69. Beograd 2019, 297-317 (https://www.researchgate.net/publication/338795893_The_outer_forts_of_Caricin_grad_Visualisation_of_digital_terrain_models_and_interpretation)

Ivanišević, V. - Vanderheyde, C. - Bavant, B. - I. Bugarski, I. - Zdravković, V. 2023. Fouilles archéologiques à Caričin Grad en Serbie. Campagne 2022. *Bulletin archéologique des Écoles françaises à l'étranger,* 1-14 (https://www.researchgate.net/publication/370410012_Fouilles_archeologiques_a_Caricin_Grad_en_Serbie_Campagne_2022)

Lemerle, P. 1979. *Les plus anciens recuelis des Miracles de saint Demetrius*. I: Le texte. Paris.

Marcellini Comitis V. C. 1893. *Chronicon*. ed. Th. Mommsen. MGH, A.A. XI/1. Berolini.

Menandros. 1903. *Ehcerta de legationibus*. ed. C. de Boor. I. Berlin.

Pohl, P. 2018. *The Avars – A Steppe Empirein Central Europe, 567-822*, Ithaca and London.

Popovic V. 1975. Les temoins archeologiques des invasions dans I'Illyricum byzantine. *Melanges de l'Ecole francaise de Rome, Antiquite* 87, 445-504.

Popovic V. 1980. Aux origines de la slavisation der Balkans: la constitution des premieres Sklavinies macedoninnes vers la fin du VIe siècle. *Academie des inscriptionset belles letters. Comptes rendus des seances de l'annee 1980*. Paris, 230-257

Procopii. 1962-1964. *Bellum Goticum (BG), Historia arcane, De aedificiis*. ed. J. Haury. Opera omnia I-IV. Leipzig

Whitby, M. 1988. *The Emperor Maurice and his Historian, Theophylact Simocatta on Persian and Balkan Warfare*. Oxford.